РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 22-2273/2
28.09. 2021 год.
КОЧАНИ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16), Градоначалникот на Општина Кочани, на ден 28.09 2021 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Детален урбанистички план за градска четврт 5 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани,** кој се носи согласно законот за просторно и урбанистичко планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена ќе се објави на веб страната на Општина Кочани www. kocani.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план за градска четврт 5 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: се работи за детален урбанистички план со планирана намена домување, за кој со ГУП за град Кочани е спроведена постапка за стратегиска оцена на влијанија.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изготвил,
Помошник раководител на сектор
Марија Салтирова Јовановска

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Николчо Илијев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ

| **Податоци за органот кој го изработува планскиот документ** | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Детален урбанистички план за градска четврт 5 од ГУП за град Кочани, КО Кочани Општина Кочани, |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Кочани |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Кочани |

| **Податоци за изработувачот на планскиот документ** | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Дивна Цековска |
| Назив на работното место | Раководител на одделение за урбанизам и заштита на животна средина |
| Контакт податоци за лицето | Тел. 072 275 630 ; e-mail: divna.cekovska@gmail.com |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Програма за изработка на урбанистички планови , Закон за просторно и урбанистичко планирање /Закон за урбанистичко планирање | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☐<br>Не☒ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Постои ДУП за град Кочани донесен 1998год. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Целта на донесување на Деталниот урбанистички план за градска четврт 5 од ГУП за град Кочани , КО Кочани Општина Кочани, е доурбанизација на постоен простор , во најголем дел изграден со објекти за домување во стамбени куки | | | |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |
| Планирање на просторот | | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | | |
| 2018-2023 | | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? | | | |
| 5 години | | | |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) | | | |
| Просторот предмет на изработка на Деталниот урбанистички план за градска четврт 5 од ГУП за град Кочани, КО Кочани Општина Кочани, се наоѓа во северниот дел од град Кочани, со површина од 81,32ха, со планирана намена А-домување (А1,А3), Д-зеленило и рекреација (Д2, Д3). Локалитетот во најголем дел е изграден со семејни куќи. За предметниот простор постои Генерален урбанистички план донесен во јули 2016, и детален урбанистички план од 1998г. Со планската документација за ДУП за | | | |

Градска четврт 5, доминантна класа на намени е планирана домување во станбени куки. Останати калси на намени кој се планираа со предметниот ДУП се спорт и рекреација, инфраструктура и лесна индустрија која всушност претставува филтер станица за вода за пиење која нема влијанија на животната средина.



Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да ☐
Не ☒

Дали е приложена копија од целите?

Да ☐
Не ☒

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на Деталниот урбанистички план за градска четврт 5 од ГУП за град Кочани, КО Кочани Општина Кочани, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија. Подобрување на постоечката благосостојба на населението , подобрување на ифраструктурната односно комуналната мрежа со тоа се подобруват условите за намалување на влијанието на оваа населба кон животната средина . | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Изградбата на планираните објекти во рамки на планскиот опфат ќе предизвика позитивни импулси од аспект на повисока организација , инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.<br>Влијанијата од имплементацијата на планскиот документ се во фаза на градба и тоа зголемена бучава, зголемено количество отпад , и долгорочни влијанија како што се емисии на штетни материи во воздухот во сезона на греење поради начинот на затоплување на објектите кој долгорочно опшстојуваат на оваа локација. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | изградбата на предвидените содржини на предметната локација ќе има кумулативно влијание врз животната средина и тоа врз воздухот поради начинот на загревање на објектите, влијанија од зголемен комунален отпад, влијание врз почвата<br>Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина затоа што планираните објекти не спаѓаат во група на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Со имплементација на урбанистичкиот план не постои можност за прекугранични влијанија |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на хаварии и несреќи |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Планскиот опфат претставува густо изградено градско подрачје со индивидуални куки, со површината од 81,32, и го зафаќа северноисточниот дел од град Кочани |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |

| | |
|---|---|
| Обемот, динамиката на финансирање на реализација на планските решенија на локалитетот ги опфаќа сите трошоци за планирање, проектирање , уредување на градежното замјиште како и други трошоци потребни за реализација на еден ваков плански документ а ќе има влијанија на подобрување на услови за живеење, подобра инфраструктурна опременост и уредување на градежното земјиште и просторот, повисока организација , повеќе комуналии за општината. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Постоечка населба која е веке во најголем дел изградена со објекти за домување во станбени куќи, межутоанеопходно е виспоставување и почитување на ефикасната контрола на користење и уредување на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Во границите на планскиот опфат се наоѓаат заштитени добра Саат кула ( решение бр 212 од 13.08.1957 г.) и Соколана – (привремено заштитено добро ex lege) |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности |
| Интензивна употреба на земјиштето | Просторот во најголем дел е градежно изграден, меѓутоа постои и неизградено земјиште кое треба реално да се осмисли и испланира за потребите на општината. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се очекува влијание врз областите и пејсажите. Во планскиот опфат нема национални или меѓународно заштитени подрачја. Предметната локација не поседува високи вредности за заштита , со исклучок на постојно заштитено културно добро саат кула и објектот Соколана, наведено погоре. |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Планскиот документ предвидува изградба на индивидуални стамбени куки на веке постоечко гадежно земјиште , со постојни објекти со намена домување во индивидуални куќи, како и планирана намена спорт и рекреација, зеленило, и др. | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Предметната локација е дел од ГУП на град Кочани , во веке урбанизирана зона која во најголем дел е изградена со индивидуални куќи, филтерница за вода, а се планира и зеленило, спорт и рекреација, Не се очекува предвидените објекти да имаат негативно влијание врз околните објекти, ниту пак на непосредната околина . | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на | |

| | |
|---|---|
| наставните планови)<br>Со имплементација на планскиот документ не се очекуваат значителни влијанија врз животната средина од причина што просторот во најголем дел е изграден со објекти за домување во станбени куќи и се планира негова доурбанизација и уреденост. .Влијанијата врз квалиетот на воздухот се очекува само во зимскиот период поради начинот на загревање на објектите и нема значително да го загрози . Влијанија врз почвата се незначителни , освен во фаза на изградба на објектите. Влијанија врз подземни води не се очекуваат. Се очекува создавање на поголемо количество на продуциран отпад според што е потребно организирано управување со отпадот за да се минимизира негативното влијание врз животната средина и здрвјето на луѓето. | |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Од еколошки аспект значајни се следните влијанијата врз животната средина - зголемување на нивото нивото на загадување на воздухот,-зголемено ниво на бучава предизвикана од градежни активности и возила,зголемена количина на продуциран отпад при експлоатација на објектите | |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>За предметниот плански опфат постои ГУП донесен јули 2016 година и ДУП донесен 1998 година | |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијанија беа предмет на оцена во поранешна фаза на донесување на ГУП за град Кочани од 2016 , за кој е спроведена постапка за Стратегиска оценка на влијаније врз животната средина | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Пред изградба на објекти, врз основа на закон за животна средина и подзаконски акти ( уредби, правилници). | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>Николчо Илијев |

M. Бачтова

Републиka Северна Македонија Општина Кочани

| | |
|---|---|
| | |
| Бр.<br>Датум: 28.09 2021г.<br>Место Кочани | М.П. |

M. SAVOVA

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 22-2273/1
28.09. 2021 год.
КОЧАНИ